**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 22 јули 2025 година**

**Скопје, јули 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 22 јули 2025 година**

Седницата започна во 13:35 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата присуствуваа и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Стојанче Ангелов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, Иван Стојаноски, финансиски директор во Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и нотар Методија Ристовски.

Од седницата отсуствуваа, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Зоран Љутков, министер за култура и туризам.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и осма одлука)

2. План за намена на радиофреквенциските опсези во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

3. Известување за постапување по препораките на државниот ревизор дадени во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје

4. Информација за изменување и дополнување на Уредбата за функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, бојата, светлосните и звучните уреди и обележја на возилата што ги користат републичките сили и на возилата што ги користат просторните сили и воздухопловите за заштита и спасување што се користат во мир и вонредна состојба и начинот на истакнување на меѓународниот знак за распознавање на цивилната заштита во случај на воена состојба на униформата и функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, обележувањето на возилата и воздухопловите, на објектите, на средствата за заштита и спасување и на градбите и инсталациите што содржат опасни сили, со Предлог-уредба

5. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ - Скопје, придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје

6. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“, Скопје)

7. Предлог-одлука за формирање на Координативно тело за изготвување на Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата, 2024 - 2029 година

8. Програма за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес, со Предлог – одлука

9. Информација во врска со доспеаните побарувања од државни институции на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и друштвата со ограничена одговорност чиј основач и единствен содружник е Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје

10. Годишна пресметка за 2024 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и Извештај за спроведување на Годишната програма за работа за 2024 година, со Предлог – одлука

11. Информација во врска со Предлог-анекс договор бр. 2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх. бр. 09-1330/1 од 28.11.2017 година, солемнизиран кај нотар Ристо Папазов од Скопје под ОДУ број 468/17 на 28.11.2017 година, вклучително со Анекс

договор бр.1 заведен под арх. бр. 09-314/1 од 7.2.2019 година, солемнизиран кај нотар Сашо Клисароски од Скопје под ОДУ број 168/19 на 7.2.2019 година, склучени помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги Мурат виринг системс Македонија ДОО Скопје како закупопримач, со предлог-одлуки

12. Информација во врска со Предлог-анекс договор бр. 2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх. бр. 07-276/1 од 29.3.2011 година, солемнизиран кај нотар Лидија Смиљаноска од Скопје, под ОДУ бр. 139/11 на 29.3.2011 година, вклучително со Анекс договор бр.1 заведен под арх. бр. 09-1117/1 од 2.10.2017 година, солемнизиран кај нотар Ристо Папазов од Скопје, под ОДУ бр. 371/17 на 2.10.2017 година, склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО - Илинден како закупопримач, со текст на Анекс Договор бр.2 и со предлог-одлуки

13. Информација за потребата од раскинување на Договор за долготраен закуп на градежно земјиште, заверен кај закуподавачот под арх. бр.09-1022/1 од 15.6.2015 година и Анекс на договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заверен кај закуподавачот под арх. бр.09-692/1 од 18.5.2017 година, склучени помеѓу Република Македонија–Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги Герман електро мехатроникс ДОО Илинден, како закупец на земјиште, со Предлог-одлука

14. Годишен извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, за 2024 година, со Предлог-одлука

15. Финансиски план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, за 2025 година, со Предлог-одлука

16. Годишна програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, за 2025 година, со Предлог-одлука

17. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост, со предлог – одлуки

18. Информација за репрограмирање на доделени средства за заштита на Преспанското Езеро

19. Информација за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сопственик на најмалку 70% од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела, со Предлог- одлука

20. Информација за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука

21. Информација за доставено Барање за репрограмирање на долг бр.11-953/1 од 7.2.2025 година на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии, поради неможност за отплата на доспеаните обврски по договори за заем, склучени со Експорт-импорт банка на Кина

22. Информација за потребата од склучување на Договор за грант за дополнително финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој и Меѓународно здружение за развој, во својство на водечки финансиски институции на Инвестициската рамка за Западен Балкан, со усогласен текст на Договор и усогласен текст на Амандман на Договор

23. Информација за регионална интеграција на пазарот на капитал на Република Северна Македонија со пазарите на капитал од земјите на Централна и Југоисточна Европа (CSEE), со усогласен текст на Меморандум

24. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба, со Ристо Илиевски ул. „Наум Божиновски“ бр.42, Ресен, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба, со Марија Бубова, ул. „Едвард Кардељ“ бр.66, Јосифово, Валандово, со Предлог-одлука

27. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“, Општина Неготино, со Предлог – решение

28. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Бела Вода“, Општина Берово, со Предлог-одлука

29. Предлог - одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Европски патен коридор од стратешки интерес, Коридор 8: делница Тетово–Гостивар-Букојчани и Требеништа–Ќафасан и Коридор 10Д: делница Прилеп-Битола на минерална суровина – калцитски мермер на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје на локалитетот „Топлица“ - Јама 6-1, Општина Прилеп

30. Предлог - одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на хидротехнички објект - брана Отиња на минерална суровина - гранит на Општина Штип на локалитетот „Јусменов Рид“, Општина Штип

31. Предлог - одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на хидротехнички објект - брана Отиња на минерална суровина - песок и чакал на Општина Штип на локалитетот „Акумулационен простор на насипна брана Отиња“, Општина Штип

32. Предлог - одлука за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – калцитски мермер на локалитетот „Голем Дол“, Општина Македонски Брод

33. Предлог - одлука за пренос на сопственичката структура преку пренос на акции на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско

друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје од Министерството за транспорт на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

34. Предлог - одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година

35. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за странци

36. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси

37. Информација за комерцијализација на Центарот за опоравување од катастрофи на Министерството за внатрешни работи во Прилеп

38. Барање на Брендан Филиповски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

39.Информација за потребата од внатрешна реконструкција и адаптација на административен простор на Министерството за култура и туризам

40. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје" – Скопје

41. Предлог - решение за именување на претседател и членови на Комисијата за билатерална соработка во областа на социјалното осигурување

42. Барање за давање на автентично толкување на член 116 став (1) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/19, 178/21 и 58/24), поднесено од пратеникот Антонијо Милошоски

43. Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2024 година

44. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.58/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на деловите „парична казна" и „стопански престап" од член 38 став 1 од Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија" бр.53/91 и „Службен весник на Република Македонија" бр.15/95)

45. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.25/2025, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 57-г став 2 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија" бр.34/01, 49/01, 103/01, 54/02, 51,03, 82/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/21 и 37/25)

46. Иницијативи од Игорчо Точев, Јованка Тренчевска и други од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.27/2025 и У.бр.50/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 104-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08,

114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), со дополнување на Иницијативата У.бр.27/2025

47. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.59/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 2 во делот „на самостоен орган на државна управа" од Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 21/09, 24/11, 12/14, 41/14, 152/15, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 и 86/25)

48. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1784, за КО Визбегово, на КП бр.406/1, викано место/улица „Коњски Дол“

49. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1118, за КО Нерези, на КП бр.888/1, викано место/улица „Присојница“

50. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.14104, за КО Драчево 2, на КП бр.6632, викано место/улица „Смоквинки“, Имотен лист бр.1739, за КО Драчево 2, на КП бр.6625, викано место/улица „Смоквинки“ и Имотен лист бр.1737, за КО Драчево 2, на КП бр.6627, викано место/улица „Смоквинки“

51. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4377, за КО Драчево 2, на КП бр.9766, викано место/улица „Шејтаница“

52. Понуда од нотар Сашо Василевски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2144, за КО Ѓорче Петров 4 - Влае, на КП бр.6894/1, викано место/улица „Ѓорче Петров“

53. Понуда од нотар Сашо Василевски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.102426, за КО Ѓорче Петров 4 - Влае, на КП бр.6894/2, викано место/улица „Ѓорче Петров“

54. Понуда од нотар Јорданка Димчева од Свети Николе, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2502, за КО Свети Николе - вонград, на КП бр.1692/7, викано место/улица „Горни Ливади“

55. Понуда од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2044, за КО Злокуќани, на КП бр.771/1, викано место/улица „Зајчев Рид“

56. Кадровски прашања

57. Прашања и предлози

58. Акциски план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје

59. Информација во врска со главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2024 година за аеродромите во Скопје и Охрид на ТАВ Македонија, со прилози

60. Информација во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај, за периодот јули-декември 2024 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ – Охрид, на ТАВ Македонија

61. Информација за утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на тема „Основен буџет на Република Северна Македонија за 2023 година“, со Акциски план

62. Извештај за реализација на Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитет на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2024 година

63. Годишен извештај за работата на Државниот инспекторат за шумарство и ловство за 2024 година

64. Годишен извештај за работата на Државниот инспекторат за земјоделство за 2024 година

65. Тримесечен финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - берза - Скопје, за периодот јануари - март 2025 година

66. Годишен извештај за работата на Управата за финансиско разузнавање за 2024 година

67. Годишен извештај за субвенционирање на камата по кредити дадени од деловните банки на компании кои ја реинвестираат добивката

68. Годишен извештај за работењето на Гарантниот фонд за 2024 година

69. Годишен извештај за Фондот за развој за 2024 година

70. Извештај за работата на Државниот завод за статистика во 2024 година

71. Информација за обезбедување на гориво за специјалните возила за гаснење на пожари на Дирекција за заштита и спасување

72. Информација за обезбедување на храна за вработените во Одделението за специјализирани услуги со воздухоплови на Дирекцијата за заштита и спасување

73. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеснаесетта одлука)

74. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Богданци)

75. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.63/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за даночно ослободување со цел реализирање на Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/25)

76. Предлог - одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Галабовец-Нови Присад“, Општина Прилеп, со Пресуда на Управен суд У-6.бр.421/2025 и У-6.бр.422/2025, донесена на 8 јули 2025 година

77. Информација за потребата од подготовка на акциски план за заштита и спасување, како и заштита од пожари за Владата на Република Северна Македонија

78. Предлог - одлука за определување на централно тело за спроведување на централизирана набавка на системи за напредна заштита

79. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и трета одлука)

80. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и седма одлука)

81. Предлог - одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Ново Село)

82. Предлог - одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (Општина Бутел)

83. Финансиски план за изменување и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот за 2025 година, со Предлог-одлука

84. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, во период од 22 април 2025 година до 16 јуни 2025 година

85. Информација во врска со извршување на пресудата за арбитражен предмет Гама Гуч Системлери Мухендисклик Вее Тааххут А.Ш како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна, број 26696/НВН (завршена постапка во полза на Република Северна Македонија)

86. Информација во врска со доставено Известување од страна на адвокатската куќа Fenwick Elliott, со цел промена на издаденото полномошно за застапување во арбитражната постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип, ICC Case Number 28278/ELU, со текст на Полномошно

87. Предлог - одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Европски патен коридор од стратешки интерес, коридор 8: делница: Тетово – Гостивар - Букојчани и Требеништа – Ќафасан и коридор 10Д: делница: Прилеп - Битола на минерална суровина –сијанит на Јавното претпријатие за државни патишта – Скопје, на локалитетот „Кара Камен“ Јама 4, с. Алинци, Општина Прилеп

88. Предлог - одлука за набавка на меркантилна пченица за стоковните резерви од реколта 2025 година од земјоделски производители во Република Северна Македонија

89. Предлог - одлука за набавка на оризова арпа за стоковните резерви од реколта 2025 година од земјоделски производители во Република Северна Македонија

90. Предлог - одлука за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за основното образование и висината на превозот во средното образование за државните основни и средни училишта за учебната 2025/2026 година за релација за која нема обезбедено линиски превоз

91. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година

92. Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка

93. Предлог - одлука за основање на Комисија за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права

94. Информација за потребата за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти

95. Информација за спроведување на мерки, согласно Акцискиот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението 2025 – 2030

96. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2025 година

97. Информација за прераспределба на средства во Програмата 57 – Заштита на населението од „сида“ во буџетот на Министерството за здравство за 2025 година

98. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година

99. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2025 година

100. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година

101. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и осма одлука).

**Точка 2**

Владата го разгледа Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата го разгледа Известувањето за постапување по препораките на државниот ревизор дадени во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 4**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за изменување и дополнување на Уредбата за функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, бојата, светлосните и звучните уреди и обележја на возилата што ги користат републичките сили и на возилата што ги користат просторните сили и воздухопловите за заштита и спасување што се користат во мир и вонредна состојба и начинот на истакнување на меѓународниот знак за распознавање на цивилната заштита во случај на воена состојба на униформата и функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, обележувањето на возилата и воздухопловите, на објектите, на средствата за заштита и спасување и на градбите и инсталациите што содржат опасни сили, со Предлог-уредба, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ - Скопје, придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“, Скопје).

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Координативно тело за изготвување на Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата, 2024 - 2029 година.

**Точка 8**

Владата ја одложи од разгледување Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа откако ќе се донесе Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доспеаните побарувања од државни институции на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и друштвата со ограничена одговорност чиј основач и единствен содружник е Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на следните должници, во најбрз можен рок, да го платат долгот кон Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Продажба ДООЕЛ Скопје и за истото, во рок од 90 дена, да го известат Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје:

-Јавно претпријатие Пелагонија - Кривогаштани,
-Комунално јавно претпријатие Водовод - Кочани,
-Јавно претпријатие за комунални дејности - Струмица,
-Јавно претпријатие Водовод и канализација - Струга,
-Јавно претпријатие за комунални дејност - Дебарца,
-Јавно претпријатие за комунални работи Услуга,
-Комуналец Полин - Стар Дојран,
-Јавно претпријатие Комуналец - Гостивар,
-Јавно претпријатие Водовод - Охрид,
-Јавно претпријатие Комунален сервис - Валандово,
-Јавно комунално претпријатие Водовод - Арачиново,
-Водовод и канализација - Скопје,
-Јавно комунално претпријатие Комуналец - Свети Николе,
- Акционерско друштво „Водостопанство на Република Северна Македонија“ – Скопје,
- Јавно претпријатие „Исар“ - Штип,
- Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје,
- Градски трговски центар Акционерско друштво за издавање на деловен простор под закуп – Скопје,
- Железници на Република Северна Македонија - Транспорт Акционерско друштво – Скопје,
- Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје и
- Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ – Скопје.

2. Се задолжуваат следните должници, во најбрз можен рок, да го платат долгот кон Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Продажба ДООЕЛ Скопје и за истото, во рок од 90 дена, да го известат Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје:

- Јавна здравствена установа за заеднички работи- Клинички центар,
- Болница - Кичево,
- Болница - Охрид,
- Болница - Струга,
- Болница - Куманово,
- Болница - Кавадарци – 101233418,
- Болница - Дебар,
- Болница - Струмица,
- Здравствен дом - Вевчани,
- Здравствен дом - Скопје,
- Болница - Гостивар,
- Јавна здравствена установа Нефрологија - Струга,
- Болница КОЗЛЕ,
- Јавна здравствена установа Центар за јавно здравје - Скопје,
- Јавна здравствена установа Клиничка болница - Штип,
- Здравствен дом - Гостивар,
- Здравствен дом - Кратово,
- Основно општинско училиште „7 Марси“, Чаир, Скопје,
- Агенција за остварување на правата на заедниците и
- Јавна општинска установа - Детска градинка „Фатосат“, Арачиново

3. Се укажува на следните должници, во најбрз можен рок, да го платат долгот кон Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје и за истото, во рок од 90 дена, да го известат Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје:

- Агенција за катастар на недвижности -Скопје,
- Агенција за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија,
- Катастар на недвижности и регистрација единица за управување со проект,
- Агенција за управување со одземен имот,
- Агенција за филм на Република Северна Македонија,
- Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје,
- Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје,
- Градски трговски центар Акционерско друштво за издавање на деловен простор под закуп – Скопје,
- Јавно претпријатие за државни патишта,
- Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија,
- Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија - Скопје -Заеднички дејности,
- Јавно претпријатие Македонски шуми, Подрачно шумско стопанство „Караџица",
- Јавно претпријатие Национална радиодифузија -Скопје,
- Македонска радио-телевизија - Сектор за логистика,
- Подружница главен центар за регионален поштенски сообраќај Скопје 2- Пошта Скопје 2 единица на поштенски мрежи 1000 Скопје,
- Подружница центар за регионален поштенски сообраќај Скопје - Пошта Скопје 1 единица на поштенска мрежа 1108 Скопје 8,
- Подружница центар за регионален поштенски сообраќај Скопје - Пошта Скопје 1 единица на поштенска мрежа 1116 Скопје 16,
- Подружница центар за регионален поштенски сообраќај Скопје - Пошта Скопје 1 единица на поштенска мрежа 1122 Скопје 22,

- Подружница центар за регионален поштенски сообраќај Скопје - Пошта Скопје 1 единица на поштенска мрежа 1131 Скопје 31,
- Подружница центар за регионален поштенски сообраќај Скопје - Пошта Скопје 1 единица на поштенска мрежа 1132 Скопје 32,
- Подружница центар за регионален поштенски сообраќај Скопје - Пошта Скопје 1 едница на поштенска мрежа 1110 Скопје 10,
- Подружница центар за регионален поштенски сообраќај Скопје-Пошта Скопје 1 единица на поштенска мрежа 1101 Скопје 1,
- Државна изборна комисија,
- Град Скопје-Градоначалник на Град Скопје- Градска инспекција,
- „Здравко Цветковски", Државно средно градежно училиште,
- Јавно сообраќајно претпријатие Скопје-Скопје,
- Јавно претпријатие „Водовод и канализација" - Лабораторија,
- Јавно претпријатие „Водовод и канализација",
- Музеј на Град Скопје - канцеларии,
- Државна комисија за одлучување во управна постапка од работен однос,
- Јавна установа Младински културен центар - Скопје,
- Фонд за здравствено осигурување на Македонија,
- Јавно претпријатие Улици и патишта,
- Јавно претпријатие Паркови и зеленило и
- Културно информативен центар Ц.О. Скопје.

4. Се задолжуваат следните должници, во најбрз можен рок, да го платат долгот кон Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје и за истото, во рок од 90 дена, да го известат Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје:

- Државен студентски дом Скопје,
- Државен студентски дом Пелагонија,
- Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии - Скопје,
- Јавна здравствена организација „Здравствен дом" – Скопје,
- Јавна здравствена организација „Здравствен дом" – Скопје- Итна медицинска помош,
- Јавна здравствена организација „Здравствен дом“ на Скопје ОЕ служба за превентивни здравствени услуги на спортисти,
- Јавна здравствена установа Центар за јавно здравје - Амбуланта Пролет,
- Јавна установа детски дом „11-ти Октомври“,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Економски институт-пф.250,
-Универзитет „Св. Кирил и методи“ Институт за социолошко политичко-правни истражувања,
- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Природно - математички факултет Ц.О.,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Фармацевтски факултет,
- Република Македонија Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Градежен факултет - Скопје,
- Универзитет „Св. Кирил И Методиј" Правен Факултет "Јустинијан Први" - Скопје,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Правен факултет "Јустинијан Први"- Библиотека,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Факултет за земјоделски науки и храна,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Технолошко - металуршки факултет,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Машински факултет,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Факултет за електротехника и информациски технологии,
- Република Северна Македонија Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
- Република Македонија Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Земјоделски институт, Скопје,

- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Шумарски факултет Ц.О.,
- Република Македонија Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Факултет за физичка култура,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје Факултет за драмски уметности,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Машински факултет-Лабораторија,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје Факултет за ликовна уметност,
- Факултет за музичка уметност - Скопје,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Институт за сточарство,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Архитектонски факултет,
- Факултет за ветеринарна медицина,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје Филозофски факултет,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Филолошки факултет „Блаже Конески",
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Економски факултет - Скопје,
- Ученички дом „Здравко Цветковски",
- Студентски центар „Скопје", студентска населба „Стив Наумов",
- Средно медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов"-ученички дом,
- Државен студентски дом „Скопје" – Скопје,
- Република Македонија-Министерство за образование и наука,
- Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов",
- Државно средно училиште-Спортска академија Скопје,
- Јавна научна установа Институт за национална историја П.ФАХ 591,
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Јавна научна установа Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков", Скопје,
- Јавна научна установа Институт за фолклор „Марко Цепенков",
- Национална установа Национална галерија -Даут пашин амам,
- Република Северна Македонија Национална установа Конзерваторски центар -Скопје, Скопје,
- Национална установа Кинотека на РМ,
- Национална установа Природонаучен музеј на Македонија,
- Национална установа Национална галерија на Македонија-Чифте амам,
- Национална установа Национална галерија –Куќа на УНЕСКО,
- Јавна установа Центар за рехабилитација на деца и младинци - Скопје,
- Министерство за одбрана на РМ-Касарна Илинден ВП 2990/30,
- Министерство за одбрана на РМ -ВП 2990/30,
- Министерство за одбрана на РМ -Касарна Гоце Делчев,
- Република Македонија Министерство за економија,
- Министерство за економија-Државен пазарен инспекторат - Скопје,
- Агенција за лекови и медицински средства - Скопје,
- Државен просветен инспекторат,
- Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Државен девизен инспекторат,
- Министерство за финансии,
- Република Македонија Министерство за здравство подрачна единица „Центар“,
- Музеј на Град Скопје - Канцеларии,
- Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците,
- Министерство за дигитална трансформација,
-Јавна установа градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје, Република Северна Македонија,
- Средно економско правно училиште на Град Скопје „Васил Антевски - Дрен",
- Основно училиште „Браќа Миладиновци",
- Основно училиште „Блаже Конески",
- Јавна установа за деца - Детска установа „Буба Мара",
- Основно училиште „Ѓорѓија Пулевски",
- Основно училиште „Лазо Ангеловски",

- Основно училиште „Љубен Лапе",
- Јавна детска градинка „Срничка" на Општина Аеродром во градот Скопје,
- Јавна општинска установа - Детска градина „Фидани", Чаир, Скопје,
- Основно училиште „Јашар Беј Шкупи",
- Основно училиште „Конгреси и Манастирит“,
- Јавна детска градинка „Весели цветови“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје,
- Јавна установа - Детска градинка Детска радост - „Мимоза“, Скопје,
- Јавна установа - Детска градинка Детска радост - „Темјанушка“, Скопје,
- Јавна установа - Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски - Корчагин",
- Општина „Центар", барака 5, Скопје,
- Основно училиште „Војдан Чернодримски“,
- Основно училиште „Владо Тасевски“,
- Основно училиште „Христијан Тодоровски - Карпош“,
- Основно училиште „Лазо Трповски“,
- Јавна установа за деца - Детска градинка „Орце Николов",
- Основно училиште „Петар Поп Арсов“,
- Детска установа за деца - Детска градинка „Распеана Младост",
- Јавна детска градинка „Весели Цветови" на Општина Кисела Вода во Град Скопје,
- Основно училиште „Круме Кепески",
- Општина Кисела Вода – Основно училиште „Круме Кепески“ - спортска сала,
- Основно училиште „Кузман Јосифовски - Питу",
- Основно општинско училиште „Александар Македонски“,
- Општина Кисела Вода - Основно училиште „Невена Георгиева-Дуња“ - спортска сала,
- Основно училиште „Партение Зографски",
- Општина „Кисела Вода" - локална самоуправа,
- Јавна установа - Детска градинка Детска радост - „Сончоглед" - Скопје и
- Основно училиште „Димитар Поп Беровски".

5. Се укажува на следните должници, во најбрз можен рок, да го платат долгот кон Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Дирекција Скопје и за истото, во рок од 90 дена, да го известат Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје:

- Македонски железници -Транспорт,
- Македонски железници ЖАС (Транспорт),
- Македонски железници,
- Служба за општи и заеднички работи,
- Јавно претпријатие Водовод и канализација, Мак. Брод,
- Комунално јавно претпријатие Водовод, Кочани,
- Општина Желино,
- Водостоп.Вардар во ликв., Скопје,
- Академија за судии и јавни обвинители,
- Општина Студеничани,
- Јавно комунално претпријатие Комуна, Крушево,
- Општина Кривогаштани,
- Општина Василево,
- Водна заедн. Бистрица Кор. Д.К.,
- Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија, Скопје,
- Општина Врапчиште,
- Општина Студеничани Основно училиште „Мустафа Кемал - Ататурк“,
- Јавно претпријатие Плачковица - Карбинци,

- Водостопанство на РМ (Водост.Тиквеш-4358 27.728.583,00 + Водос.Вардар +4.718.699,00+ 482.616 трошоци+Водост.преспа. 4.871.235,00,
- Јавно претпријатие Гевг. Валанд. Поле-во ликвид.,
- ЧРС Кичево ДООЕЛ,
- Јавно комунално претпријатие Единство Св. Николе,
- Акционерско друштво „ОХИС“, Скопје,
- Општина Куманово,
- Меѓуопштинско јавно претпријатие „Проаква“ РЕ Струга (вод.и кан.),
- Затвор - Битола 4002999138613,
- Јавно претпријатие за комунална дејност - Росоман,
- МЗС Водов. Црнилиште-Долнени,
- Јавно претпријатие „Риниа“, Гостивар,
- Водна заедница ХМС Пепел.Поле,
- Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија,
- Јавно претпријатие за комунална дејност Комуналец - Струмица,
- Јавно водоводно претпријатие Водост. на Мак. во ликв.Скопје и
- Јавно комунално претпријатие „Комуналец“, Пробиштип.

6. Се укажува на ЈП улици и патишта, во најбрз можен рок, да го плати долгот кон Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, подружница „Енергетика Скопје“ и за истото, во рок од 90 дена, да го известат Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

7. Се задолжуваат следните должници, во најбрз можен рок, да го платат долгот кон Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, подружница „Енергетика Скопје“ и за истото, во рок од 90 дена, да го известат Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје:

- Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Јавна установа - Детска градинка „Детска радост“,
- Основно училиште „Григор Прличев", Скопје,
- Основно училиште „Стив Наумов“, Скопје,
- Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски“, Скопје,
- Државен студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ",
- Основно училиште „Наум Наумовски - Борче",
- Средно електротехничко училиште на Град Скопје „Михајло Пупин“,
- Основно училиште „Вера Јоциќ", Скопје,
- Јавна установа - Детска градинка „25 Мај" – Детелинка, Скопје,
- Јавна установа - Детска градинка „25 Мај" – Пони, Скопје и
-Универзитет „Гоце Делчев", Штип.

## Точка 10

Владата ја разгледа Годишната пресметка за 2024 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и Извештај за спроведување на Годишната програма за работа за 2024 година, со Предлог - одлука и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната пресметка за 2024 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

2. Го разгледа Извештајот за спроведување на Годишната програма за работа за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог-анекс договор бр. 2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх. бр. 09-1330/1 од 28.11.2017 година, солемнизиран кај нотар Ристо Папазов од Скопје под ОДУ број 468/17 на 28.11.2017 година, вклучително со Анекс договор бр.1 заведен под арх. бр. 09-314/1 од 7.2.2019 година, солемнизиран кај нотар Сашо Клисароски од Скопје под ОДУ број 168/19 на 7.2.2019 година, склучени помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги Мурат виринг системс Македонија ДОО Скопје како закупопримач, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината.

2. Одлуката за давање на согласност на Анекс договорот бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата на технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Мурат Виринг Системс Македонија ДОО Илинден и Мурат тицарет кабло санаји А.Ш., заведено кај закуподавачот под бр.09-1330/1 од 28.11.2017 година и Анекс Договор бр.1 заведен кај закуподавачот под бр. 09-314/1 од 7.2.2019 година.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог-анекс договор бр. 2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх. бр. 07-276/1 од 29.3.2011 година, солемнизиран кај нотар Лидија Смиљаноска од Скопје, под ОДУ бр. 139/11 на 29.3.2011 година, вклучително со Анекс договор бр.1 заведен под арх. бр. 09-1117/1 од 2.10.2017 година, солемнизиран кај нотар Ристо Папазов од Скопје, под ОДУ бр. 371/17 на 2.10.2017 година, склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО - Илинден како закупопримач, со текст на Анекс Договор бр.2 и со предлог-одлуки ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината.

2. Одлуката за давање на согласност на Анекс Договорот бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1 застапувана од Дирекцијата на технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО - Илинден, заведено кај закуподавачот под бр.07-276/1 од 29.3.2011 година и Анекс Договорот бр.1 заведен кај закуподавачот под бр. 09-1117/1 од 2.10.2017 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од раскинување на Договор за долготраен закуп на градежно земјиште, заверен кај закуподавачот под арх. бр.09-1022/1 од 15.6.2015 година и Анекс на договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заверен кај закуподавачот под арх. бр.09-692/1 од 18.5.2017 година, склучени помеѓу Република Македонија–Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги Герман електро мехатроникс ДОО Илинден, како закупец на земјиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.09-1022/1 од 15.6.2015 година и бр.09-692/1 од 18.5.2017 година, склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги Герман електро мехатроникс ДОО Илинден, како закупец на земјиште.

**Точка 14**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, за 2024 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишен извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 15**

Владата го разгледа Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност – Кочани.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (за потребите на Територијалната противпожарна единица на Општина Кочани).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново – Облешево (за потребите на Општинското основно училиште ,,Климент Охридски", Облешево).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (за потребите на Општинското основно училиште „Никола Карев", Кочани).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на Општинското основно училиште „Ѓорѓија Пулевски”, Општина Аеродром).

**Точка 18**

Владата, ја разгледа и усвои Информацијата за репрограмирање на доделени средства за заштита на Преспанското Езеро.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сопственик на најмалку 70% од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела, со Предлог- одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сопственик на најмалку 70% од вкупната површина на градежната парцела на другите сопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање за репрограмирање на долг бр.11-953/1 од 7.2.2025 година на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии, поради неможност за отплата на доспеаните обврски по договори за заем, склучени со Експорт-импорт банка на Кина, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи договори за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција, односно по платената рата на 21.1.2025 година по двата договора за обезбедување на државна гаранција бр. 14-10754/2 од 24.6.2014 година и бр. 14-10753/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид" и Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат делница Миладиновци-Штип", склучени помеѓу Експорт - импорт банка на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје, со рок на враќање од 10 години (120 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од пет години, со што отплатата кон Министерството за финансии, да почне од 1.2.2030 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант за дополнително финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој и Меѓународно здружение за развој, во својство на

водечки финансиски институции на Инвестициската рамка за Западен Балкан, со усогласен текст на Договор и усогласен текст на Амандман на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант за дополнително финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој и Меѓународното здружение за развој, во својство на водечки финансиски институции на Инвестициската рамка за Западен Балкан.

2. Го прифати усогласениот текст на Амандманот на Договорот за заем за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.

3. Се овластува м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, да го потпише Договорот за грант за дополнително финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој и Меѓународното здружение за развој, во својство на водечки финансиски институции на Инвестициската рамка за Западен Балкан.

4. Се овластува м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, да го потпише Амандманот на Договорот за заем за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за регионална интеграција на пазарот на капитал на Република Северна Македонија со пазарите на капитал од земјите на Централна и Југоисточна Европа (CSEE), со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за финансии на Република Бугарија, Министерството за финансии на Република Хрватска, Министерството за национална економија на Унгарија, Министерството за финансии на Република Полска, Министерството за финансии на Романија, Министерството за финансии на Република Словачка, Министерството за финансии на Република Словенија и Министерството за финансии на Република Северна Македонија во однос на нивната соработка за развој на пазарите на капитал.

2. Се овластува м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за финансии на Република Бугарија, Министерството за финансии на Република Хрватска, Министерството за национална економија на Унгарија, Министерството за финансии на Република Полска, Министерството за финансии на Романија, Министерството за финансии на Република Словачка, Министерството за финансии на Република Словенија и Министерството за финансии на Република Северна Македонија во однос на нивната соработка за развој на пазарите на капитал.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба, со Ристо Илиевски ул. „Наум Божиновски“ бр.42, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба, со Марија Бубова, ул. „Едвард Кардељ“ бр.66, Јосифово, Валандово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“, Општина Неготино, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– песок и чакал на локалитет „Брестот“, Општина Неготино со заклучок текстот на истото да се дополни со член и заменик член на Комисијата кои Министерството за финансии треба да ги достави до крајот на работниот ден.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Бела Вода“, Општина Берово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина –минерална вода на локалитетот „Бела Вода“, Општина Берово.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Европски патен коридор од стратешки интерес, Коридор 8: делница Тетово–Гостивар-Букојчани и Требеништа–Ќафасан и Коридор 10Д: делница Прилеп-Битола на минерална суровина–калцитски мермер на Јавното претпријатие за државни патишта, Скопје на локалитетот „Топлица“ Јама 6-1, Општина Прилеп.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на хидротехнички објект - брана Отиња на минерална суровина - гранит на Општина Штип на локалитетот „Јусменов Рид“, Општина Штип.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на хидротехнички објект - брана Отиња на минерална суровина - песок и чакал на Општина Штип на локалитетот „Акумулационен простор на насипна брана Отиња“, Општина Штип.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – калцитски мермер на локалитетот „Голем Дол“, Општина Македонски Брод.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за пренос на сопственичката структура преку пренос на акции на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје од Министерството за транспорт на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за странци, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереник Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

**Точка 36**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за комерцијализација на Центарот за опоравување од катастрофи на Министерството за внатрешни работи во Прилеп и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства и другите органи на државната управа, а се препорачува на јавните претпријатија во рок од шест месеци, да извршат ревизија на тековните (постојните) договори за колокација на ИКТ опрема во комерцијални дата центри, во смисла на можноста за идна релокација на опремата во Центарот за опоравување од катастрофи на Министерството за внатрешни работи во Прилеп.

2. Се задолжуваат сите министерства и другите органи на државната управа, а се препорачува на јавните претпријатија кои планираат воспоставување на резервен дата центар или се во процес на воспоставување или релокација на ИКТ опрема, во рок од шест месеци, да извршат увид и согледување на условите во Центарот за опоравување од катастрофи на Министерството за внатрешни работи во Прилеп и притоа да изготват анализа за тоа дали условите се во согласност со барањата на нивните ИКТ системи. Доколку се потребни одредени прилагодувања, истите да бидат дефинирани од имателите на ИКТ системи.

3. Се задолжуваат сите министерства и другите органи на државната управа, а се препорачува на јавните претпријатија во рок од 15 дена по завршување на ревизијата на тековните (постојни) договори за колокација на ИКТ опрема во комерцијални дата центри, како и извршен увид и согледување на условите во Центарот за опоравување од катастрофи на Министерството за внатрешни работи во Прилеп, до Министерството за внатрешни работи, да доставаат барања со изразување на интерес за релокација на опремата.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи по добивање на барањата и изразениот интерес од идните потенцијални корисници да изврши подготовка и оптимизација на Центарот за опоравување од катастрофи на Министерството за внатрешни работи во Прилеп за нивно прифаќање и за истото во првиот квартал од 2026 година да ја информира Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 38**

Владата го разгледа Барањето на Брендан Филиповски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и заклучи Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да достави ново мислење по истото.

**Точка 39**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од внатрешна реконструкција и адаптација на административен простор на Министерството за култура и туризам, за наредната седница на Владата.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје“ – Скопје.

**Точка 41**

Владата го донесе Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за билатерална соработка во областа на социјалното осигурување.

**Точка 42**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 116 став (1) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/19, 178/21 и 58/24), поднесено од пратеникот Антонијо Милошоски и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 116 став (1) точка 6 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24), мандатот на деканот престанува пред истекот на рокот за кој е избран и во други случаи определени со закон и со статутот на универзитетот. Деканот, согласно член 115 став 1 од Законот за високото образование*, се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со статутот на универзитетот. Постапката за избор во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање, согласно член 174 став 1 од Законот за високото образование*, завршува со засновање на работен однос со полно работно време меѓу избраното лице и високообразовната установа. Работниот однос се заснова за времето на кое е избрано лицето.

Согласно член 187 став 1 од Законот за високото образование*, на лицето избрано во наставно-научно или наставно звање, кое во текот на учебната година го продолжило договорот за вработување, согласно прописите за работните односи, работниот однос му трае до крајот на учебната година во која полни 67 години.

Со оглед на тоа дека мандатот на деканот престанува пред истекот на рокот за кој е избран и во други случаи определени со закон, Владата на Република Северна Македонија смета дека мандатот на деканот може да трае до крајот на учебната година во која полни 67 години.

**Точка 43**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2024 година и притоа го утврди следното мислење:

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 став (1) точка 25) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.258/20), поднесува на разгледување Годишен извештај за својата работа до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

По однос на наводите за индиректна дискриминација во областа на науката и работните односи, произлезена од член 174 ставови 3, 4 и 6 од Законот за високото образование, има формирано работна група за изработка на нов закон за високото образование: забелешките содржани во Извештајот се доставени до работната група за разгледување и при изготвување на новото законско решение.

По однос на констатацијата за наводна сегрегација во основните училишта во Општина Кочани, се укажува дека не постојат паралелки составени исклучиво од ученици припадници на ромската етничка заедница. Воедно, се напоменува дека наставата во училиштата во Општина Кочани се одвива на македонски наставен јазик, формираните паралелки во училиштата се со мешан етнички состав на ученици.

Имајќи предвид, дека во истата оваа општина има ангажирано ромски образовен медијатор, кој доставува месечен извештај за состојбата во училиштата во Општина Кочани, оваа состојба е потврдена и од страна на ромскиот образовен медијатор.

Во врска со забелешките за дискриминација кон ученици со попреченост поради доцнење во обезбедување на образовни асистенти, се потенцира дека не се одолговлекуваат законските обврски, пред се бидејќи се во интерес на децата. Во 2024 година објавени се повеќе јавни огласи за ангажирање на образовни асистенти, а споредбено со минатата учебна 2023/2024

година кога беа ангажирани 820 образовни асистенти, за учебна 2024/2025 година во септември беа ангажирани вкупно 1086, за финалната бројка на ангажирани асистент за оваа учебна година да достигне 1186.

Воедно, на 20.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставено е и официјално Известување за преземени чекори, по кое Комисијата за спречување и заштита од дискриминација известува дека се исполнети препораките во однос на обезбедување доволен број на образовни асистенти, согласно утврдените потреби.

Во однос на наводите од Годишниот извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека наставнички вработени на определено време во основните и средните училишта, кои се бремени или користат отсуство поради бременост, раѓање и родителство, се соочуваат со ризик од губење на работното место. Се укажува дека бременоста и мајчинството не можат и не смеат да претставуваат основ за прекин на работен однос.

Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука немаат надлежност во одлучувањето за вработување или продолжување на ангажманот на наставен кадар, туку тоа е во надлежност на општината.

Дополнително, ангажманот на наставници на определено време, согласно законските одредби, завршува со истекот на учебната година, односно на 31 август.

Во согласност со член 9 став 2 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), Министерството за образование и наука дава согласност за вработување на определено време до крајот на учебната 2024/2025 година.

Во врска со спроведување на пресудата на Европскиот суд за човекови права „Елмазова и други, направени се измени и дополнувања на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25 од 3 јануари 2025 година). Согласно новите законски одредби, училиштата од пресудата Елмазова и други" и сите основни училишта каде има потенцијална сегрегација на ученици Роми, имаат законска обврската за изготвување и имплементација на план за десегрегација на ученици Роми. Целта на планот за десегрегација, пред се, е да осигура еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици, вклучително и учениците Роми, елиминирање на сите форми на сегрегација во училиштата и создавање инклузивна училишна средина и промовирање на социјална интеграција преку заедничко учење и развивање толеранција. Потребно е Планот да биде целосно усогласен со новите измени и дополнувања во Законот за основното образование. Ова значи дека сите мерки, активности и упатства кои ќе се применуваат, треба да бидат во рамките на законските регулативи кои обезбедуваат инклузивност, недискриминација и еднаков пристап до образование, имајќи го предвид членот 5 ставот (1) кој гласи: „(1) Во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование.

„Ставовите (7) и (8) кои гласат:

(7) Се забранува трпење на штетни последици од страна на раководното лице или друго лице во училиштето поради преземање на дејствија за заштита од дискриминација, односно пријава за дискриминација, почната постапка за заштита од дискриминација, сведочење во текот на постапката или на друг начин учествување во постапката за заштита од дискриминација.

(8) Се забранува дискриминација и физичко одделување на учениците врз дискриминаторска основа при запишување и формирање на паралелки во основните училишта без легитимна или објективна оправдана цел, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.".

Членот 16 ставот (8) кој е од клучно значење за преземање на мерки за превенција на дискриминација и истиот гласи: Училишниот инклузивен тим води грижа и за еднаков пристап до основно образование на сите деца преку преземање на соодветни мерки за превенција на дискриминацијата, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација основните училишта се со цел спречување на дискриминација и физичко одделување потребно е да водат сметка за балансирано распределување на учениците од различна етничка припадност и при тоа во член 53 во новодонесениот Закон за основното образование, потребно е да се почитува ставот (15), кој гласи: При формирањето на паралелките во основните училишта, задолжително се води сметка за балансирано распоредување на сите ученици од различна етничка припадност, а кои следат настава на ист јазик и лесно, со цел да се избегне нивно физичко одвојување, освен ако во училиштето се формира само една паралелка во одделение. Балансираното распредување на учениците по паралелки го врши директорот на училиштето, на предлог на училишниот инклузивен тим.

Членот 63 (Реонизација на училиштата), од Законот за основното образование, предлага и упатува на почитување на актите за реонизација во училиштата со цел десегрегација на деца Роми и гласи:

„(1) Родителот, односно старателот има право и обврска да го запише детето основното училиште во реонот во кој има живеалиште или каде што има престојувалиште.

(2) Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.

(3) Основното училиште може да запише ученици од друг реон или од друга општина, само доколку ученикот од друг реон или општина нема можност за следење на наставата на својот мајчин јазик во својот реон, односно општина и ако има слободно место во основното училиште.

(4) Основачот го утврдува реонот на основните училишта, од кој се запишуваат учениците во основните училишта. Основачот е должен утврдувањето на реонот на основните училишта, да го прави на начин со кој се спречува и надминува физичко одделување на учениците по етничка припадност, освен во општините во кои доминантно население се припадници на една етничка заедница.

(5) Списокот на децата од реонот за запишување во основното училиште, се добива од надлежните органи во единицата на локалната самоуправа кои водат евиденција на жители и лица со постојан престој, согласно закон.

(6) Списокот од ставот (5) на овој член, единиците на локалната самоуправа го добиваат од надлежниот орган за водење на матична книга на родените и матична книга на умрените, како и од надлежниот орган за водење евиденција за движење на граѓаните надвор од земјата, согласно закон.

(7) Списокот од ставот (5) на овој член, содржи име на детето, име на еден од родителите, односно старателите, презиме на детето, датум на раѓање на детето, односно датум на смрт на детето, адреса на живеалиште/престојувалиште во државата, односно дали е надвор од државата.

(8) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, не се однесуваат на учениците со комплексни потреби со проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.

(9) Одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) на овој член, не се однесуваат на децата во воспитно-поправните установи.“.

Членот 66 од Законот за основното образование предвидува спречување на секаков тип на насилство врз учениците, за таа цел ставовите (1), (6) и (15) гласат:

„(1) Во училиштата се остваруваат и програми за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програми за спречување дискриминација и програма за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, коцкање и малолетничка деликвенција.

(6) За доделување на средства за реализација на активностите од ставот (1) на овој член, министерот формира комисија составена од двајца претставници на Министерството и по еден претставник од Бирото за развој на образование, педагошката служба и Државниот просветен инспекторат. Висината на средствата по училиште изнесува најмногу до две просечни нето-плати исплатени по работник во Републиката во претходната година.

(15) Општината, за основното училиште во кое била направена или се прави дискриминација по основ на физичко одделување на учениците при запишување и формирање на паралелки, задолжително донесува план за надминување на состојбите кои предизвикале дискриминација.“.

По однос на забелешките за изоставање на термините „родова еднаквост", „сексуална ориентација" и „родов идентитет", се укажува дека согласно член 5, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25), „Во основното образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторски третман врз основа на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови на уверување, возраст, семејна или брачна состојба, имотна состојба, здравствена состојба и социјален статус или која било друга основа предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија при остварување на правата на основно образование.". Ова значи дека за сите други основи за дискриминација, како што се сексуалната ориентација или родовиот идентитет, ќе се применува Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Законот за спречување и заштита од дискриминација експлицитно ја забранува родовата дискриминација во образованието, обезбедувајќи таа да остане заштитена основа и без потреба од повторување во секторски закони. Законот за основното образование се повикува на Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој е целосно усогласен со директивите на Европскиот парламент и Советот и тоа: Директива 2000/78/ЕЗ од 27 ноември 2000 година за воспоставување општ рамковен акт за еднаков третман во вработувањето и професиите (CELEX бр. 32000L0078), Директива 2004/113/ЕЗ од 13 декември 2004 година за примена на начелото на

еднаков третман меѓу мажите и жените при пристапот и снабдувањето со добра и услуги (CELEX бр. 3200410113) и Директива 2006/54/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 5 јули 2006 година за спроведување на начелото на еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените во однос на вработувањето и професијата (преработена верзија) (CELEX бр. 5200610054).

Повикувањето на начелата од Законот за спречување и заштита од дискриминација, заедно со усогласеноста со европските стандарди, обезбедува сеопфатна превенција од сите форми на дискриминација. Воедно, во јули 2024 година, донесено е Решение за дополнување на Решението за формирање на работна група за подготовка на Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, во која учествуваат покрај членовите од Министерството за образование и наука и членови од Бирото за развој на образование, Здружение за попреченост и правда - Зета, Здружение на глуви и наглуви „Млад знак", Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во врска со предлогот за вклучување на одредбите, воспитување за прифаќање на различностите, унапредување на разбирањето и почитување на човековите права, родова еднаквост и мултикултурализмот во измените и дополнувањата на Законот за средното образование, ќе се земат предвид овие предлози при подготовка на Законот за средното образование.

Годишниот извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2024 година, дава јасен и структуриран преглед поткрепен со статистички податоци за имплементирањето на надлежностите на Комисијата, за што Владата на Република Северна Македонија нема забелешки и дава позитивно мислење, но од фискален аспект дава негативно мислење, од причина што презентираните финансиски показатели не се усогласени со трезорската евиденција во делот на реализацијата на ставка 420 Патни и дневни расходи.

## Точка 44

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.58/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на деловите „парична казна“ и „стопански престап“ од член 38 став 1 од Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“ бр.53/1991 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.15/95), поради потребата Министерството за здравство да достави заедничко (обединето) мислење, подготвено во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за правда.

## Точка 45

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.25/2025, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 57-г став 2 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/01, 49/01, 103/01, 54/02, 51,03, 82/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21 и 37/25) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно, наводите во Иницијативата подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на став 2 од член 57-г од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 54/02, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15, 23/16 и „Службен весник

на Република Северна Македонија“ бр 110/21 и 37/25), поради тоа што подносителот на Иницијативата смета дека со член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/08) се додава член 57-г кој во себе содржи седум става и дека со член 12 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија“ бр.110/21) наведува дека од истиот член ставот 2 се брише и дека сега членот 57-г гласи: „Предлогот за разрешување на член на Прекршочната комисија за случаите од ставот 2 точки 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Прекршочната комисија до министерот за финансии, односно гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија“.

Имено, првично членот 57-г се додава со Законот за изменување и дополнување на Законот за девизното работење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 81/08) кој гласел:
„Лицето кое раководи со Прекршочниот орган може да формира повеќе прекршочни комисии кои ќе бидат надлежни за водење на прекршочна постапка за одделни подрачја од Република Македонија.

Член на Прекршочната комисија може да се разреши:
1.со истекот на времето за кое е именуван за член;
2.по негово барање;
3.со исполнување на услови за старосна пензија во согласност со закон;
4.ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело;
5.ако му се утврди трајна неспособност;
6.ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка со правосилна одлука;
7.ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија или
8.ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случаи за кои се води прекршочна постапка пред Прекршочната комисија.

Предлогот за разрешување на член на Прекршочната комисија за случаите од став 2 точки 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Прекршочната комисија до министерот за финансии, односно гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

Прекршочната комисија работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Прекршочната комисија води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од лицето кое раководи со Прекршочниот орган во согласност со министерот за правда. Со актот со кој се пропишува евиденцијата се пропишува и начинот на пристап до информациите кои се содржани во евиденцијата.“.

Ставот (2) од член 57-г од Законот за девизното работење беше предмет на законска измена и истиот е избришан со Законот за изменување и дополнување на Законот за девизното работење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21).

Со самото бришење, одредбата престана да биде дел од позитивното право на Република Северна Македонија и нема дејство, ниту се применува во правниот промет.

Целиот член 57-г, во неговата сегашна форма, не создава правен вакуум ниту предизвикува правни последици, бидејќи содржи технички неоперативни одредби без нормативно дејство.

Споменатиот дел од ставот претставува јазичка и техничка неконзистентност, која не создава обврзувачка или имплементациона последица. Одредбата е практично неприменлива, бидејќи упатува на содржина што повеќе не постои, и во таа смисла не може да се смета за неуставна, туку најмногу за потреба од техничка редакција во наредна измена.

Како што е прифатено и во практиката на Уставниот суд на Република Северна Македонија, секоја правна норма треба да се толкува во системска и логичка целина. Во овој случај, упатувањето на непостоечки точки нема суштинско правно дејство, туку останува како непрецизна, но безопасна формулација.

Освен тоа, подносителот на Иницијативата во истата има наведено дека оспорените одредби не се во согласност со одредбите на член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува дека оспорените одредби на член 57-г став (2) од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.34/01, 49/01, 103/01, 54/02, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21 и 37/25), се во согласност со одредбите на член 8 став 1 алинеја 3, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива како правно неоснована.

**<u>Точка 46</u>**

Владата ги разгледа Иницијативите од Игорчо Точев, Јованка Тренчевска и други од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.27/2025 и У.бр.50/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 104-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), со дополнување на Иницијативата У.бр.27/2025 и притоа го утврди следново мислење:

Согласно, наведената Иницијатива, со оспорениот член се воведува посебен третман на лицата кои остваруваат права од работен однос врз основа на одлука за избор и именување од надлежен орган, со тоа што им се овозможува да продолжат со вршење на функцијата и по исполнување на условите за старосна пензија, а најмногу до 67 години возраст. Притоа, сметаат дека одредбата не е во согласност со принципот на владеење на правото од член 8 став (1) алинеја 3, како и начелото на еднаквост на граѓаните независно од општествената положба и начелото на достапност на секое работно место секому под еднакви услови, со што се повредуваат членот 9 и член 32 став (5) од Уставот на Република Северна Македонија.

Најнапред, важно е да се напомене дека оваа одредба не создава привилегија, туку претставува механизам кој овозможува континуитет, стабилност и ефикасност во вршењето на јавните

функции. Избраните и именуваните лица се носители на клучни институционални реформи и политики и нивното отстранување од функцијата поради формално исполнување на услов за пензионирање, би значело прекин на сите започнати процеси и институционална нестабилност.

Што се однесува до наводите за нееднаквост (член 9 од Уставот на Република Северна Македонија), треба да се има предвид дека, според Уставот, еднаквоста не значи идентичен третман на сите категории работници, туку еднаков третман во слични ситуации. Избраните и именуваните лица не се во иста правна положба како другите вработени нивното именување или избор произлегува од посебна процедура, врз основа на мандат и јавна одговорност. Поради таа објективна разлика, оправдани се и разликите во правниот третман.

Дополнително, Законот не го нарушува правото на другите граѓани да учествуваат во јавната власт, односно достапот на граѓанинот на секое работно место (член 32 став 5). Напротив, продолжувањето на функцијата е временски ограничено, најмногу до 67 години возраст на избраното, односно именуваното лице и не претставува трајно спречување за избирање на други лица. Тоа е само временски инструмент кој овозможува државата да го задржи искуството и експертизата на функционерите во дадени моменти.

Во однос на уставното начело на владеење на правото и правната сигурност, важно е да се нагласи дека законот е јасен, прецизен и недвосмислен односно опишува кој може да продолжи, под кои услови и до кога. Не остава простор за произволност, туку предвидува редовен механизам, усогласен со принципите на добро владеење.

Конечно, праксата во голем број европски држави потврдува дека за одредени јавни функции постојат посебни правила за пензионирање, токму заради природата на тие функции. Овој закон го следи истиот дух и нуди прагматично и уставно усогласено решение. Ова законско решение не ја нарушува уставноста, туку напротив ја почитува и истовремено го штити јавниот интерес, овозможувајќи рамнотежа меѓу правата на поединецот, потребите на институциите и интересите на државата.

Имајќи го предвид горенаведеното, членот 104-а од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), е во согласност со членовите 8, 9 и 32 став 5 од Уставот на Република Северна Македонија поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ги прифати иницијативите од Игорчо Точев, Јованка Тренчевска и други од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.27/2025 и У.бр.50/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 104-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), со дополнување на Иницијативата У.бр.27/2025.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.59/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 2 во делот „на самостоен орган на државна управа" од Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 21/09, 24/11, 12/14,

41/14, 152/15, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 и 86/25) и притоа го утврди следново мислење:

Иницијативата се однесува на делот „на самостоен орган на државната управа" од член 9 став 2, со навод дека истиот е во спротивност со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24), односно дека создава недоследност во однос на статусот на органот кој ги врши работите од областа на индустриската сопственост.

Во контекст на статусот и организационата поставеност на органот кој ги извршува овие работи, потребно е да се земат предвид следниве аспекти:

1. Законот за индустриска сопственост содржи сопствена регулатива, согласно која се уредува структурата на органот што постапува во управни постапки за стекнување и заштита на правата од индустриска сопственост.

2. Во Инцијативата се наведува член 65 од основниот текст на Законот за организација и работа на органите на државната управа. Сепак, треба да се има предвид дека од тогаш до денес се направени повеќе значајни измени, особено:

• измените од 2008 година, со кои е изменет член 20 во поглед на ресорската поставеност;

• донесувањето на новиот Закон за индустриска сопственост во 2009 година и

• измените во Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година, кои содржат преодни одредби со значење за ова прашање.

Согласно, член 29 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24) е утврдено:

„Со денот на влегувањето во сила на овој закон, постојните органи во состав продолжуваат да функционираат согласно досегашните решенија се до нивно усогласување со одредбите на овој закон.".

Оваа преодна одредба овозможува правен континуитет во функционирањето на органите и упатува на процес на постепено усогласување на статусите со новата системска рамка.

3. Во Иницијативата се повикува и член 156 од измените од 2004 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/04), со кој беше вметнат член 230-а:

„Со денот на влегувањето во сила на овој закон, Бирото за заштита на индустриската сопственост продолжува да работи како Државен завод за индустриска сопственост.".

Оваа преодна одредба означуваше институционална трансформација, но не ro разрешува прашањето за самостојноста на органот.

Меѓутоа, согласно член 325 од новиот Закон за индустриска сопственост од 2009 година, е пропишано: „Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/02, 42/03, 9/04, 39/06 и 79/07).".

Со тоа, членот 156 и членот 230-а престануваат да важат и правното уредување преминува на основа на Законот од 2009 година и неговите понатамошни измени.

4. Со измените на член 5 од Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2024 година, воспоставени се нови критериуми за основање самостојни органи. Новиот став 4 пропишува:

„Самостојните органи на државната управа можат да се основаат само доколку управните ресори за кон се основаат не се во надлежност на ниту едно министерство и е потребна нивна целосна независност од министерствата и директна одговорност пред Владата.".

Дополнително, во новиот став 6, од формулацијата се отстрануваат зборовите „институт и завод", што може да се протолкува како укинување на можноста овие форми да бидат третирани како самостојни органи.

Согласно, член 65 алинеја 14 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и понатаму стои дека:

„Заводот за заштита на индустриската сопственост продолжува да работи како Биро за заштита на индустриската сопственост, орган во состав на Министерството за економија и труд.".

Иако оваа одредба може да се смета за неажурирана, таа и понатаму дејствува заедно со горенаведените измени.

Постојната формулација во член 9 став (2) може да создаде правна забуна во контекст на системските ограничувања поставени со измените од 2024 година.

Преодната одредба од член 29 потврдува дека правниот статус на одредени органи се уште не е целосно усогласен со новите норми.

5. Уставниот суд има легитимна основа да ја преиспита усогласеноста на конкретната одредба од материјален закон со системските правила, во насока на заштита па правната сигурност и начелото на владеење на правото (членови 8 и 51 од Уставот).

Имајќи го предвид горенаведеното, Иницијативата содржи доволно аргументи за поведување постапка за оценување на уставноста на делот „на самостоен орган на државната управа од член 9 став 2 од Законот за индустриска сопственост, поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.59/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 2 во делот „на самостоен орган на државна управа" од Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 21/09, 24/11, 12/14, 41/14, 152/15, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 и 86/25).

Поведување постапка ќе овозможи прецизирање и целосно усогласување на релевантните одредби со системските решенија, во насока на правна јасност и конзистентност.

**<u>Точка 48</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1784, за КО Визбегово, на КП бр.406/1, викано место/улица „Коњски

Дол“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1118, за КО Нерези, на КП бр.888/1, викано место/улица „Присојница“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.14104, за КО Драчево 2, на КП бр.6632, викано место/улица „Смоквинки“, Имотен лист бр.1739, за КО Драчево 2, на КП бр.6625, викано место/улица „Смоквинки“ и Имотен лист бр.1737, за КО Драчево 2, на КП бр.6627, викано место/улица „Смоквинки“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4377, за КО Драчево 2, на КП бр.9766, викано место/улица „Шејтаница“, и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Василевски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2144, за КО Ѓорче Петров 4 - Влае, на КП бр.6894/1, викано место/улица „Ѓорче Петров“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Василевски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.102426, за КО Ѓорче Петров 4 - Влае, на КП бр.6894/2, викано место/улица „Ѓорче Петров“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јорданка Димчева од Свети Николе, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2502, за КО Свети Николе - вонград, на КП бр.1692/7, викано место/улица „Горни Ливади“ и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2044, за КО Злокуќани, на КП бр.771/1, викано

место/улица „Зајчев Рид“ и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 56**

1. Владата го отповика Тахир Таири од должноста член на Одборот на директори на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, на негово барање.

2. Владата го именува Никола Додов, за вршител на должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој, досегашен вршител на должноста директор на Фондот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Башким Бакиу, за вршител на должноста директор на ЈУ од обласа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиника, завод и ургентен центар – Скопје, досегашен вршител на должноста директор на јавната установа.

4. Владата за членови на Надзорниот одбор на Развојна банка на Северна Македонија ги именува:

- Андриана Матлиоска, на предлог на министерот за финансии,
- Христина Келеман, на предлог на министерот за финансии,
- Александар Ѓорѓиевски, на предлог на министерот за финансии,
- Тања Михајловска – Димитриевска, на предлог на министерот за енергетика, рударство, и минерални суровини и
- Љуљета Сељами, на предлог на министерот за финансии.

4.1 Со именувањето на членовите на Надзорниот одбор на Развојна банка на Северна Македонија, им се утврдува престанок на мандатот на досегашните членови и тоа на: Милаим Амети, Магдалена Симоновска, Вјолца Ејуп, Елена Паговска – Пелтековски и Маја Ангеловска.

5. Владата ја разреши Амире Јакупи – Кадри, од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

6. Владата ја разреши Сања Дранговска, од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа - Демир Хисар, стручен работник од Центарот за социјална работа, поради судир на интереси.

7. Владата ја именува Елена Фидански, за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа - Валандово, претставник од Советот на Општината.

8. Владата го именува Дарко Дачевски, за претседател на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија.

9. Предлогот за отповикување на Александра Нениќ - Кирилова од должноста член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје и за избор на д-р Наташа Трајковска за член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, нема да се реализира, поради отсуство на нотар.

**Точка 57**

**1.** Владата по повод одбележување на шеесет и втората годишнина од катастрофалниот земјотрес во Скопје (26 јули 1963 година – 26 јули 2025 година), определи Делегација во состав:

- м-р Гордана Димитриеска Кочоска - министер за финансии,
- м-р Златко Перински - министер за локална самоуправа и
- Горан Минчев - министер за јавна администрација,

која, на 26 јули 2025 година, да положи цвеќе во Скопје, на Градските гробишта во Бутел на споменикот на загинатите од земјотресот, во 10 часот.

**2.** Владата, во врска со Барањето за издавање на одобрение/согласност за поставување на заштитна ограда од одрон од карпи и одредување ингеренции и надлежност на институции во однос на Кањонот Матка ги задолжи Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт да формираат работна група, со цел да се изнајде соодветно решение и надлежен орган за издавање на одобрение/согласност за поставување на заштитна ограда за обезбедување на карпа во регионот до хотелот и ресторан „Кањон Матка“ и за истото на наредната седница да ја информираат Владата.

**3.** Владата по повод одбележувањето на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2025,  ги донесе следните заклучоци:

1) Делегацијата по повод прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025, во Скопје ќе ја предводи и ќе се обрати проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

2) За членови на делегација на Владата на Република Северна Македонија за положување на цвеќе по повод прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025, во Скопје да бидат:

- проф. д-р Христијан Мицкоски – претседател на Владата на Република Северна Македонија;
- м-р Изет Меџити – прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање;
- м-р Сања Божиновска – министер за енергетика, рударство и минерални суровини.

3) Делегацијата по повод прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025, во Крушево ќе ја предводи и ќе се обрати проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, Претседател на Република Северна Македонија.

4) За членови на делегација на Владата на Република Северна Македонија за положување на цвеќе по повод прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025, во Крушево да бидат:

- Александар Николоски – заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт;
- Зоран Љутков – министер за култура и  туризам;
- Панче Тошковски – министер за внатрешни работи;
- д-р Астрит Исени – заменик на министерот за внатрешни работи.

5) Делегацијата по повод прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025, во Пелинце ќе ја предводи и ќе се обрати м-р Африм Гаши, претседател на Собранието на Република Северна Македонија.

6) За членови на делегација на Владата на Република Северна Македонија за положување на цвеќе по повод прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025, во Пелинце да бидат:

- м-р Владо Мисајловски -министер за одбрана;
- Иван Стоилковиќ – заменик на претседателот на Владата и министер за односи меѓу заедниците;
- Игор Филков – министер за правда.

7) За членови на делегација на Владата на Република Северна Македонија за положување на цвеќе по повод прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025, во Смилево да бидат:

- м-р Стефан Андоновски – министер за дигитална трансформација;
- проф. д-р Николче Јанкуловски -заменик на министерот за финансии;
- м-р Ане Лашковска – заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

8) Се препорачува на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да се координираат, соодветно со службите и министерствата во врска со нивните потреби и барања во врска со организација на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025.

9) Се задолжува Министерство за здравство, преку единиците на Итната помош да обезбеди присуство на амбулантни возила и медицински лица во Скопје, Крушево, Пелинце и Смилево-Демир Хисар.

10) Се укажува на Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за одбележување на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025 во Пелинце.

11) Се укажува на службите за протокол на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија да се усогласат во врска со сценаријата за одбележување и прослава на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025.

12) Се укажува на кабинетите на Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, откако ќе се усогласат и изготват сценарио за одбележување на празникот, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достават целосно сценарио кое ќе ги опфаќа сите прослави на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025 на сите локации низ Македонија.

13) Се укажува на Секторот за односи со јавност и протокол при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да направи сценарио за одбележување на празникот Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025 во Скопје.

14) Се укажува на Македонската радио-телевизија, на 2 Август 2025 година да врши директен пренос од одбележувањето на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025,

од трите локации Крушево, Пелинце и Скопје, според саатници и според сценариото кое ќе им биде доставено од соодветните кабинети.

15) Се задолжува Министерството за одбрана – Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди присуство на доволен број гардисти на локациите каде што ќе се одбележува Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2025, согласно барањата на кабинетите како и опрема за свечено положување на цвеќе, воен оркестар, фанфаристи, соодветно на барањата кои по писмен пат ќе ги добијат од кабинетите.

16) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да набави материјали и техничка опрема за одбележување на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025 за што ќе добијат технички спецификации од соодветните кабинети.

17) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за поставување на контејнери за отпад и мобилни тоалети во Крушево, Пелинце и Скопје.

18) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за делегациите до локациите на кои се чествува настанот, како и да обезбеди превоз за дипломатскиот кор во ВИП комбиња до локациите на кои се чествува настанот, согласно барањата доставени од соодветните кабинети.

19) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди вода за пиење за учесниците на настанот и гостите на настанот, како и столици, маси и шатори (тенди – за заштита од сонце) согласно доставените спецификации од кабинетите.

20) Се задолжува Министерството за одбрана – Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија да се договорат за обезбедување на венци, метални потпирачи за венци, метални потпирачи со јаже, цветен аранжман, црвена патека и држачи за знамиња и знамиња, а за потребите на сите владини делегации за прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025, на сите локации на кои се чествува настанот, согласно доставените точни спецификации од кабинетите.

21) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз на тимовите кои ќе работат на организација на настаните.

22) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз и венци за положување за Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

23) Се задолжува Министерството за транспорт во соработка со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Скопје Ц.О да изврши расчистување на делницата од магистрален пат до меморијалниот центар Пелинце и патниот правец Прилеп – Крушево, како и да обезбеди хоризонтална сигнализација.

24) Се препорачува на Град Скопје и Општина Куманово да обезбедат присуство на возила за противпожарна заштита на локациите на кои ќе се одбележува Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025 и да ги уредат просториите околу спомениците и меморијалниот центар каде што ќе се одвиваат настаните.

25) Се препорачува на Општина Прилеп, Општина Кривогаштани и Општина Крушево да обезбедат едно противпожарно возило на 1 и 2 август 2025 година во Крушево.

26) Се препорачува на Град Скопје, Општина Куманово, Општина Прилеп и Општина Крушево да обезбедат цистерни за вода.

27) Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми п.о Скопје да обезбеди дрвени столпчиња за означување на патеката до Мечкин Камен.

28) Се задолжува Секторот за односи со јавност и протокол при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија изработеното лого за Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025 да го достави до сите национални телевизии со цел да се емитува на денот на празнување на празникот.

29) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025 на сите локации на кои ќе се чествува празникот.

30) Се задолжува Министерството за внатрешни работи преку СВР Битола да го организира сообраќајот и да обезбеди соодветен тек на моторни возила во Крушево на Мечкин Камен по повод прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025.

31) Се задолжува Секторот за односи со јавност и протокол при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска и печатена форма до гостите и врз основа на потврдените покани да изготви скица за настанот и распоред за седење.

32) Се препорачува на Општина Прилеп да обезбеди теренски возила за прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025 во Крушево врз основа на спецификациите доставени од соодветните кабинети.

33) Се задолжува Национална установа Танец да ја подготви и реализира програмата за 1 и 2 август на Гумење и Мечкин Камен во Крушево, а во врска со прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025.

34) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за уметниците од Национална установа Танец за 1 и 2 август на Гумење и Мечкин Камен во Крушево, а во врска со прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025.

35) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди шатор и води за уметниците на Мечкин Камен на 2 август во врска со организација и одбележување на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката.

36) Се задолжува Националната установа „Десет дена Крушевска Република” да покрие дел од трошоците во врска со програмата на уметниците кои учествуваат во уметничката програма на 1 и 2 август во Крушево а во врска со прославата на Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025.

37) Се укажува на Македонски телеком АД Скопје да обезбеди интернет по повод прославата на Мечкин Камен во Крушево и Пелинце.

38) Се укажува на ЕВН Македонија да обезбеди приклучок за користење на електрична енергија за централната прослава на Мечкин Камен во Крушево и Пелинце.

39) Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ги преземе сите мерки и активности неопходни околу организација на прославата на претставниците на дипломатско – конзуларните претставништва во државата.

40) Се задолжуваат сите институции вклучени во организација на настанот Државниот празник 2 Август – Ден на Републиката, Илинден 2025 трошоците за лицата вработени во институциите, а ангажирани околу празникот да ги обезбедат од својот буџет.

**4.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за дигитална трансформација за дополнување на Заклучокот по точка 106 „Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2024 година“ од Нацрт – записникот од Деведесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јули 2025 година, го прифати Барањето и заклучи да се дополни заклучокот и тоа:

„Се задолжува Инспекцискиот совет, пред неговото укинување, официјално да ја предаде алатката Е-инспектор во надлежност на Министерството за дигитална трансформација.“.

**5.** Владата го одложи разгледувањето на Одбележувањето на годишнината од потпишувањето на Рамковниот договор, за наредната седница на Владата.

**<u>Точка 58</u>**

Владата го разгледа Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје, како материјал за информирање.

**<u>Точка 59</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со главните индикатори за успешност на работењето (KPI) за 2024 година за аеродромите во Скопје и Охрид на ТАВ Македонија, со прилози, како материјал за информирање.

**<u>Точка 60</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај, за периодот јули-декември 2024 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ – Охрид, на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**<u>Точка 61</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на тема „Основен буџет на Република Северна Македонија за 2023 година“, со Акциски план, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука, во најбрз можен рок, до Министерството за финансии да достави акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија.

**Точка 62**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитет на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот инспекторат за шумарство и ловство за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот инспекторат за земјоделство за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - берза - Скопје, за периодот јануари - март 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Управата за финансиско разузнавање за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Годишниот извештај за субвенционирање на камата по кредити дадени од деловните банки на компании кои ја реинвестираат добивката, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата и укажа на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, да ги врати средствата од посебната сметка на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија, со оглед дека мерката е завршена, а согласно со член 3 од Договорот се субвенционира договорната камата по кредити дадени од деловните банки на претпријатија кои ја реинвестирале добивката за 2021 година.

**Точка 68**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Гарантниот фонд за 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата и укажа на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави информација во однос на наплата на активираните гаранции и за ефектите од наплатата, со статус до денот на изготвување на истата.

**<u>Точка 69</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за Фондот за развој за 2024 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 70</u>**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот завод за статистика во 2024 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 71</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за обезбедување на гориво за специјалните возила за гаснење на пожари на Дирекција за заштита и спасување, за наредната седница на Владата.

**<u>Точка 72</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на храна за вработените во Одделението за специјализирани услуги со воздухоплови на Дирекцијата за заштита и спасување ја усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди храна за вработените во Одделението за специјализирани услуги со воздухоплови при Дирекцијата за заштита и спасување, за цело времетраење на Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 73</u>**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеснаесетта одлука).

**<u>Точка 74</u>**

Владата повторно ја разгледа и ја одложи Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Богданци).

**<u>Точка 75</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.63/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за даночно ослободување со цел реализирање на Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/25) и притоа го утврди следното мислење:

Во предметната Иницијатива, како што е наведено од страна на подносителот се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста со предлог, согласно член 37 од Актот на Судот, до донесување на конечна одлука, да се донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија, што се преземени врз основа на оспорениот закон.

Во образложението од предметната Иницијатива, меѓу другото, се содржани одредби од оспорениот Закон за даночно ослободување, со цел реализирање на Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата и се наведува дека со истите се врши ослободување од данокот на додадена вредност со „право на одбивка на претходниот данок“.

Исто така, во предметната Иницијатива се наведува дека оспорениот Закон ја наоѓа својата основа само во Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 17/25) и во ниту еден член од Уставот.

Имајќи ја предвид содржината на предметната Иницијатива, се укажува дека оспорениот Закон за даночно ослободување со цел реализирање на Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/25), е донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија, поднесен од група пратеници, како овластени предлагачи на закон.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Галабовец-Нови Присад“, Општина Прилеп, со Пресуда на Управен суд У-6.бр.421/2025 и У-6.бр.422/2025, донесена на 8 јули 2025 година и го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, до Владата да достави соодветна предлог-одлука, согласно Пресудата на Управниот суд У-6.бр.421/2025 и У-6.бр.422/2025, донесена на 8 јули 2025 година.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од подготовка на акциски план за заштита и спасување, како и заштита од пожари за Владата на Република Северна Македонија, ја усвои и ги задолжи Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да номинираат свои претставници за членови во работната група која ќе работи на изработка на акцискиот план за заштита и спасување, како и за заштита од пожари.

Истовремено да се има предвид укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, во работната група да биде вклучен претставник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за определување на централно тело за спроведување на централизирана набавка на системи за напредна заштита и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 79**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и трета одлука).

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и седма одлука).

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Ново Село).

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (Општина Бутел).

**Точка 83**

Владата го разгледа Финансискиот план за изменување и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план за изменување и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот за 2025 година.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, во период од 22 април 2025 година до 16 јуни 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија на следниве општини и тоа:

1.1. На Општина Росоман за природна непогода мраз во март 2025 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 380.018.760,00 денари.

1.2. На Општина Росоман за природна непогода град на 27.6.2024 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 102.488.643,20 денари;

1.3. На Општина Гевгелија за природна непогода дожд и град на што ги зафатиле населените места Милетково, Миравци, Габрово и Петрово на 2.7.2024 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 38.544.970,00 денари;

1.4. На Општина Гевгелија за природна непогода дожд град на 25.6.2024 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 29.035.339,00 денари;

1.5. На Општина Гевгелија, во населени места Серменин, Ново Конско и Моин, за штетата природна непогода дожд и град на 23.6.2022 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од во износ од 5.233.920,00 денари;

1.6. На Општина Гевгелија, за штетата природна непогода мраз на, на 20.3.2025 и 21.3.2025 година, во висина од 5% од вкупно проценетата штета од 31.191.962,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви предлог-одлуки за парична помош од Буџетот, согласно заклучокот од точки 1.1 до 1.6.

3. Се укажува на општините, согласно заклучокот од точка 1.1 до 1.6 од оваа информација пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да достават детален извештај за распределените средства за настанатата штета до Владата.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршување на пресудата за арбитражен предмет Гама Гуч Системлери Мухендисклик Вее Тааххут А.Ш како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна, број 26696/НВН (завршена постапка во полза на Република Северна Македонија) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот на полномошниците/адвокатската куќа White & Case од Њу Јорк за преземање на понатамошни дејствија за спроведување/извршување на пресудата со цел Република Северна Македонија да ги наплати досудените трошоци во износ од 2.497.223,33 УСД.

2. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, да ја извести Меѓународната адвокатска куќа за прифаќање на предлогот.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставено Известување од страна на адвокатската куќа Fenwick Elliott, со цел промена на издаденото полномошно за застапување во арбитажната постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип, ICC Case Number 28278/ELU, со текст на Полномошно и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на изменетото Полномошно за застапување, доставено од страна на адвокатската куќа Fenwick Elliott.

2. Го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Полномошното за застапување на адвокатската куќа Fenwick Elliott, доставено во прилог на оваа информација.

**Точка 87**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Европски патен коридор од стратешки интерес, Коридор 8: делница: Тетово – Гостивар - Букојчани и Требеништа – Ќафасан и Коридор 10Д: делница: Прилеп - Битола на минерална суровина – сијанит на Јавното претпријатие за државни патишта – Скопје, на локалитетот „Кара Камен“ Јама 4, с. Алинци, Општина Прилеп.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за набавка на меркантилна пченица за стоковните резерви од реколта 2025 година од земјоделски производители во Република Северна

Македонија и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, да се има превид укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем (во насока продажбата на стоковните резерви на пченица и јачмен да се врши во период од февруари до март, а набавката да се врши во период од јуни до август).

**Точка 89**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за набавка на оризова арпа за стоковните резерви од реколта 2025 година од земјоделски производители во Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката за набавка на оризова арпа за стоковните резерви од реколта 2024 година од производители на земјоделски производи во Република Северна Македонија, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици за основното образование и висината на превозот во средното образование за државните основни и средни училишта за учебната 2025/2026 година за релација за која нема обезбедено линиски превоз и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи согласно насоките од Координативното тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограмата АА, Инфраструктурни проекти на општините, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, а Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии да доставаат мислење по истата.

**Точка 92**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, го утврди со заклучок во членот 2 став (2) пред зборот „износ“ да се додаде зборот „месечен“ и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за основање на Комисија за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права и ја донесе Одлуката за основање на Комисија за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во развојниот дел на буџетот на Министерството за здравство да обезбеди 254.000.000 МКД и тоа:
- 124.000.000 МКД за 2026 година и
- 130.000.000 МКД за 2027 година,
заради реализација на Договор за набавка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти.

2. Се задолжува Министерството за здравство, да спроведе јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки, за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти.

*

*     *

Владата заклучи Заклучокот бр.2 од Извадокот од Нацрт – записникот од Деведесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јули 2025 година, точка 94, по „Информацијата за потребата за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти“, кој гласи:

„2. Се задолжува Министерството за здравство, да спроведе јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки, за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти.“
да престане да важи.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на мерки, согласно Акцискиот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението 2025 – 2030 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на работодавачите во периодот 23 јули 2025 до 26 јули 2025 година:
- ослободување од работни обврски за бремени жени и лица постари од 60 години,
- овозможување работа од далечина,
- флексибилно или двократно работно време каде што е изводливо.

Овие препораки не се однесуваат на вработените во критичната инфраструктура, која ги опфаќа здравството, полицијата, армијата, транспортот, енергетиката и јавните комунални претпријатија.

2. Да се почитуваат тековните препораки кои произлегуваат од Акцискиот план:

- одложување на работниот процес во критичните часови (11:00–17:00) за работници изложени на директна топлина;
- работодавачите да обезбедат микроклиматски услови за работа согласно Акцискиот план: простории со температура до 25°C, освен таму каде што природата на работниот процес налага поинаку;
- да се продолжи со активното јавно информирање на населението, додека сите здравствени установи, установи за згрижување на стари лица и образовни институции треба да ги активираат своите интерни протоколи за вонредни услови.
- сите останати институции опфатени со Акцискиот план се повикуваат да продолжат да ги спроведуваат своите обврски.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2025 година и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи, согласно насоките од Координативното тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограмата АА, Инфраструктурни проекти на општините, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, а Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии да достават мислење по истата.

*

*   *

Точката 96 не е реализирана и повторно е разгледана и одложена на Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2025 година.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на средства во Програмата 57 – Заштита на населението од „сида“ во буџетот на Министерството за здравство за 2025 година и условно ја усвои Информацијата, доколку Министерството за финансии достави мислење по истата.

*

*   *

Министерството за финансии достави негативно мислење по Информацијата, поради што е потребно предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за финансии.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи согласно насоките од Координативното тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограмата АА, Инфраструктурни проекти на општините, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, а Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии да достават мислење по истата.

*

*        *

Точката 98 не е реализирана и повторно е разгледана и донесена на Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2025 година.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади за 2025 година и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи согласно насоките од Координативното тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограмата АА, Инфраструктурни проекти на општините, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, а Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии да достават мислење по истата.

*

*        *

Точката 99 не е реализирана и повторно е разгледана и одложена на Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2025 година.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година и условно ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи согласно насоките од Координативното тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограмата АА, Инфраструктурни проекти на општините, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, а Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии да достават мислење по истата.

*

*        *

Точката 100 не е реализирана и повторно е разгледана и одложена на Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2025 година.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи согласно насоките од Координативното тело за следење и координација на активностите за спроведување на Потпрограмата АА, Инфраструктурни проекти на општините, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, а Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии да достават мислење по истата.

*

*        *

Точката 101 не е реализирана и повторно е разгледана и одложена на Деведесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2025 година.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:20 часот.